**НСК-КО бр.8/17**
**Скопје, 29.06.2017 година**

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1**
**СКОПЈЕ**

**I.**

Врз основа на член 39 став 2 алинеја 9 во врска со член 319 став 1 од Законот за кривична постапка и член 5 став 4 алинеја 5 од Законот за Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, поднесувам

**О Б В И Н И Т Е Л Е Н А К Т**
**СО ПРЕДЛОГ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ**

**ПРОТИВ:**

**И.Т.** од татко Т. и мајка Л., родена на ... година во С.Р.М., живее во С.Р.М., писмена со завршено високо образование, по занимање новинар, македонка, државјанин на Р.Македонија, со ЕМБГ ..., неосудувана, се брани од слобода.

**II.**

Врз основа на член 39 став 2 алинеја 9 во врска со член 508, член 469 и член 509 став 1 точка 3 од Законот за кривична постапка и член 5 став 4 алинеја 5 од Законот за Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, поднесувам

**О Б В И Н И Т Е Л Е Н П Р Е Д Л О Г**

**ПРОТИВ:**

Правното лице **ДМП С.Г. ДООЕЛ С.** со седиште на ..., со ЕМБС ... и ЕДБ ..., управител Л.Т. од С.Р.М.

**ЗАТОА ШТО:**

Во периодот од 01.01.2008 до 15.03.2015 година во Скопје за даночните години 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013 и 2014 обвинетата И.Т. како сопственик, управител и потписник на ДКК С.Ц. ДООЕЛ С. и овластен потписник на сметката и фактички одговорно лице на ДМП С.Г. ДООЕЛ С. и преку нејзините дејствија обвинетото правно лице ДМП С.Г. ДООЕЛ С., со намера обвинетата и правните лица да одбегнат делумно плаќање на даноци, со повеќе временски поврзани дејствија искористувајќи ист траен однос и исти прилики во книговодствената евиденција на друштвата, завршните сметки и даночните пријави давала лажни податоци за фактите од влијание за утврдување на износот на даночните обврски кои биле должни да ги платат со што правните лица за

наведените даночни години одбегнале да платат даночни обврски во значителен износ од **2.184.677,00** денари а обвинетата одбегнала да плати даночни обврски во значителен износ од **1.671.611,00** денари и тоа:

**1.**Во периодот од 01.01.2008 до 15.03.2011 година за даночните години 2008, 2009 и 2010 обвинетата како сопственик, управител и потписник на ДКК С.Ц. ДООЕЛ С., со намера обвинетата и друштвото да одбегнат делумно плаќање на даноци, во книговодствената евиденција на друштвото, завршните сметки и даночните пријави давала лажни податоци за фактите од влијание за утврдување на износот на даночните обврски кои биле должни да ги платат со што друштвото С.Ц. ДООЕЛ С. кое престанало да постои во постапка за стечај на 14.10.2013 година, за наведените даночни години одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ од **1.145.979,00** денари а обвинетата И.Т. одбегнала да плати даночни обврски во вкупен износ од **857.116,00** денари на начин што:

1.1.За даночната 2008 година:

-ја намалила основицата за пресметување на данок на добивка за вкупен износ од **238.281,00 денари** со тоа што спротивно на член 10 од Законот за данок на добивка прикажала расходи на кои им дала третман на трошоци за вршење на дејноста на друштвото, иако истите не биле направени за вршењето на дејноста на друштвото бидејќи истото немало вработени лица за користење на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица и тоа: трошоци во износ од **30.053,00 денари** за набавена опрема за бања и други трошоци; трошоци за отпис на ситен инвентар во износ од **172.513,00 денари** за шољи за кафе, садови, свеќници, прибор за јадење, чинии, чаши, прстени, набавки без документ и трошоци за годишната амортизација на основни средства во износ од **35.715,00 денари** за мобилни телефони, италијански мебел и теписи со што друштвото одбегнало да плати данок на добивка во износ од **23.828,00 денари**;

-во Даночните пријави за данок на додадена вредност спротивно на член 34 од Законот за данок на додадена вредност, го искористила правото на одбивка на претходниот/влезен данок на набавените добра и примените услуги во вредност од **1.331.990,00** денари за опрема за бања, шољи за кафе, садови, свеќници, прибор за јадење, чинии, чаши, прстени, мобилни телефони, италијански мебел и теписи иако истите не биле користени за целите на стопанска дејност на друштвото, бидејќи друштвото немало вработени лица за употреба на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица, а биле користени за лични потреби на обвинетата како сопственик, управител и овластен потписник на друштвото, со што друштвото одбегнало да плати данок на додадена вредност во износ од **96.140,00** денари

и за даночната 2008 година друштвото С.Ц. ДООЕЛ С. одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ од **119.968,00 денари**;

- во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход не го пријавила како приход износот од **1.367.993,00 денари** за кој износ во друштвото биле набавени добра и примени услуги за лични потреби на обвинетата како сопственик, управител и потписник на друштвото и истите претставуваат приход согласно член 3 од Законот за персонален данок на доход кој задолжително се пријавува со што обвинетата И.Т. одбегнала да плати персонален данок на доход во износ **од 151.999,00 денари.**

1.2.За даночната 2009 година:

-ја намалила основицата за пресметување на данок на добивка за вкупен износ од **751.268,00 денари** со тоа што спротивно на член 10 од Законот за данок на добивка прикажала расходи на кои им дала третман на трошоци за вршење на дејноста на друштвото, иако истите не биле направени за вршењето на дејноста на друштвото бидејќи истото немало вработени лица за користење на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица и тоа: трошоци во износ од **388.406,00 денари** за дневници за службени патувања, авионски карти, гориво, хотел и набавки без документ; трошоци за отпис на ситен инвентар во износ од **246.440,00 денари** за велосипеди, мобилни телефони, облека, парфеми, драпери, корнизи,чевли, набавки без документ и набавки со шифрирана стока; трошоци за годишната амортизација на основните средства во износ од **116.422,00 денари** за предходно набавени средства кои не биле за вршење на дејноста како и италијански мебел, теписи, замена на софтвер и мобилни телефони со што друштвото одбегнало да плати данок на добивка во износ од **75.127,00 денари;**

-во Даночните пријави за данок на додадена вредност спротивно на член 34 од Законот за данок на додадена вредност, го искористила правото на одбивка на претходниот/влезен данок на набавените добра и примените услуги во вредност од **1.953.511,00 денари** за велосипеди, облека, драпери, корнизи, чевли, италијански мебел, теписи и мобилни телефони иако истите не биле користени за целите на стопанска дејност на друштвото, бидејќи друштвото немало вработени лица за употреба на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица, а биле користени за лични потреби на обвинетата како сопственик, управител и овластен потписник на друштвото со што друштвото одбегнало да плати данок на додадена вредност во износ од **80.321,00 денари**

и за даночната 2009 година друштвото С.Ц. ДООЕЛ С. одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ од **155.448,00 денари;**

- во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход не го пријавила како приход износот од **2.063.085,00 денари**, за кој износ во друштвото биле набавени добра и примени услуги за лични потреби на обвинетата како сопственик и овластен потписник на сметката на друштвото и истите претставуваат приход согласно член 3 од Законот за персонален данок на доход кој задолжително се пријавува, со што обвинетата И.Т. одбегнала да плати персонален данок на доход во износ од **160.619,00 денари**.

1.3.За даночната 2010 година:

-ја намалила основицата за пресметување на данок на добивка за вкупен износ од **3.456.112,00 денари** со тоа што спротивно на член 10 од Законот за данок на добивка прикажала расходи на кои им дала третман на трошоци за вршење на дејноста на друштвото, иако истите не биле направени за вршењето на дејноста на друштвото бидејќи истото немало вработени лица за користење на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица, и тоа: трошоци во износ од **2.904.543,00 денари** за набавени облека, долна облека, гориво, закуп без фактура, фактури со шифри на артикли, трошок без документ, превоз, патни трошоци и набавки без документ; трошоци за отписот на ситен инвентар во износ од **390.006,00 денари** за јорган, пегла, облека, тањири, козметички средства, долна облека, чевли,очила, украси, кутии, салвети, свеќник сребрен и набавки без документ; трошоци за годишната амортизација на основните средства во износ од **161.563,00 денари** за предходно набавени средства кои не биле за вршење на дејноста како и прозори, влезна врата, мобилен телефон, шифрирани артикли и набавки без документ со што друштвото одбегнало да плати данок на добивка во износ од **345.611,00 денари;**

-во Даночните пријави за данок на додадена вредност спротивно на член 34 од Законот за данок на додадена вредност, го искористила правото на одбивка на претходниот/влезен данок на набавените добра и примените услуги во вредност од **4.375.531,00 денари** за набавени облека, долна облека, закуп без фактура, превоз, јорган, пегла, тањири, козметички средства, чевли, очила, украси, кутии, салвети, прозори и влезна врата, мобилен телефон, иако истите не биле користени за целите на стопанска дејност на друштвото, бидејќи друштвото немало вработени лица за употреба на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица, а биле користени за лични потреби на обвинетата како сопственик, управител и овластен потписник на друштвото, со што друштвото одбегнало да плати данок на додадена вредност во износ од **524.952,00 денари**

и за 2010 година друштвото С.Ц. ДООЕЛ С. одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ од **870.563,00 денари**;

- во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход не го пријавила како приход износот од **4.900.483,00 денари**, за кој износ во друштвото биле набавени добра и примени услуги за лични потреби на обвинетата како сопственик, управител и потписник на друштвото и истите претставуваат приход согласно член 3 од Законот за персонален данок на доход кој задолжително се пријавува со што обвинетата И.Т. одбегнала да плати персонален данок на доход во износ **од 544.498,00 денари.**

**2.** Во периодот од 01.01.2011 до 15.03.2015 година за даночните години 2011, 2012, 2013 и 2014 обвинетата И.Т. како овластен потписник на сметката и фактички одговорно лице на ДМП С.Г. ДООЕЛ С. и преку

нејзините дејствија обвинетото правно лице ДМП С.Г. ДООЕЛ С., со намера обвинетата и правното лице да одбегнат делумно плаќање на даноци, во книговодствената евиденција на правното лице, завршните сметки и даночните пријави дала лажни податоци за фактите од влијание за утврдување на износот на даночните обврски кои биле должни да ги платат со што обвинетото правно лице С.Г. ДООЕЛ С. за наведените даночни години одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ од **1.038.698,00** денари а обвинетата И.Т. одбегнала да плати даночни обврски во вкупен износ од **814.495,00** денари на начин што:

2.1.За даночната 2011 година:

-ја намалила основицата за пресметување на данок на добивка за вкупен износ од **451.909,00 денари** со тоа што спротивно на член 11 од Законот за данок на добивка прикажала расходи на кои им дала третман на трошоци за вршење на дејноста на друштвото, иако истите не биле направени за вршењето на дејноста на друштвото бидејќи истото немало вработени лица за користење на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица, и тоа: трошоци во износ од **8.381,00 денари** за такси превоз; трошоци за отпис на ситен инвентар во износ од **249.297,00 денари** за набавени телефони и набавки без фактура од МГ Ф. и В.Л.; трошоци за годишна амортизација на основни средства во износ од **40.905,00 денари** за набавен мебел, компјутер, фотоапарати и трошоци за набавка со фактура за М.И. за пвц столарија во износ од **153.326,00 денари** со што обвинетото правно лице одбегнало да плати данок на добивка во износ од **31.110,00 денари;**

-во Даночните пријави за данок на додадена вредност спротивно на член 34 од Законот за данок на додадена вредност, го искористила правото на одбивка на претходниот/влезен данок на набавените добра и примените услуги во вредност од **586.973,00 денари** за телефони, канцелариски мебел, компјутер, фотоапарати иако истите не биле користени за целите на стопанска дејност на друштвото, бидејќи друштвото немало вработени лица за употреба на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица, а биле користени за лични потреби на обвинетата како овластен потписник на друштвото, со што обвинетото правно лице одбегнало да плати данок на додадена вредност во износ од **76.966,00 денари**

и за даночната 2011 година обвинетото правно лице С.Г. ДООЕЛ С. одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ од **108.076,00 денари**.

2.2.За даночната 2012 година:

-ја намалила основицата за пресметување на данок на добивка за вкупен износ од **1.476.696,00 денари** со тоа што спротивно на член 11 од Законот за данок на добивка прикажала расходи на кои им дала третман на трошоци за вршење на дејноста на друштвото, иако истите не биле направени за вршењето на дејноста на друштвото бидејќи истото немало вработени лица за користење на средствата, опремата и ситниот

инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица и тоа: трошоци во износ од **771.706,00 денари** за набавки на влезници за концерт, трошоци за возило АУДИ КУ 3 земено на лизинг, трошоци за регистрација на возило, хотелски услуги, гориво, храна, пијалоци, хигиена, набавки без фактура; трошоци за отпис на ситен инвентар во износ од **322.263,00 денари** за фустани, блузи, здолништа, јакна, долна облека, чевли, козметички средства, новчаник, ремен, набавки без фактура; трошоци за годишна амортизација на основните средства во износ од **382.727,00 денари** за набавени средства во минати години**,** лап топ, мобилен телефон, возило АУДИ КУ 3, набавки без фактура со што обвинетото правно лице одбегнало да плати данок на добивка во износ од **147.670,00 денари**;

-во Даночните пријави за данок на додадена вредност спротивно на член 34 од Законот за данок на додадена вредност, го искористила правото на одбивка на претходниот/влезен данок на набавените добра и примените услуги во вредност од **4.860.365,00 денари** за набавки на фустани, блузи, здолништа, јакна, долна облека, чевли, козметички средства, новчаник, ремен, лап топ, мобилен телефон, иако истите не биле користени за целите на стопанска дејност на друштвото, бидејќи друштвото немало вработени лица за употреба на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица, а биле користени за лични потреби на обвинетата како овластен потписник на друштвото со што обвинетото правно лице одбегнало да плати данок на додадена вредност во износ од **150.196,00 денари**

и за даночната 2012 година обвинетото правно лице С.Г. ДООЕЛ С. одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ **од 297.866,00 денари**;

- во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход не го пријавила како приход износот од **5.010.561,00 денари**, за кој износ во друштвото биле набавени добра и примени услуги за лични потреби на обвинетата како овластен потписник на друштвото и истите претставуваат приход согласно член 3 од Законот за персонален данок на доход кој задолжително се пријавува со што обвинетата И.Т. одбегнала да плати персонален данок на доход во износ **од 525.450,00 денари.**

2.3.За даночната 2013 година:

-ја намалила основицата за пресметување на данок на добивка за вкупен износ од **981.852,00 денари** со тоа што спротивно на член 11 од Законот за данок на добивка прикажала расходи на кои им дала третман на трошоци за вршење на дејноста на друштвото, иако истите не биле направени за вршењето на дејноста на друштвото бидејќи истото немало вработени лица за користење на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица, и тоа: трошоци во износ од **289.292,00 денари** за набавки на фарбарски материјал, масло, дел за возило, гориво, набавки без документ; трошоци за годишна амортизација на основни средства во износ од **692.560,00 денари** за набавка на претходно набавени средства кои не се за вршење на дејноста како и нова набавка на мобилен телефон

со што обвинетото правно лице одбегнало да плати данок на добивка во износ од **98.185,00 денари**;

-во Даночните пријави за данок на додадена вредност спротивно на член 34 од Законот за данок на додадена вредност, го искористила правото на одбивка на претходниот/влезен данок на набавените добра и примените услуги во вредност од **1.466.652,00 денари** за мобилен телефон, кабел, лампа, облека, очила, козметички средства, чевли иако истите не се користени за целите на стопанска дејност на друштвото, бидејќи друштвото немало вработени лица за употреба на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица, а се користени за лични потреби на обвинетата како овластен потписник и не прикажала пресметан данок на додадена вредност за издадена и неевидентирана фактура во износ од **1.584.807,00 денари** спрема Т.М. ДООЕЛ С., со што обвинетото правно лице одбегнало да плати данок на додадена вредност во вкупен износ од **338.116,00 денари**

и за даночната 2013 година обвинетото правно лице С.Г. ДООЕЛ С. одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ од **436.301,00 денари**;

- во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход не го пријавила како приход износот од **1.519.503,00 денари,** за кој износ во друштвото биле набавени добра и примени услуги за лични потреби на обвинетата како овластен потписник на друштвото и истите претставуваат приход согласно член 3 од Законот за персонален данок на доход кој задолжително се пријавува со што обвинетата И.Т. одбегнала да плати персонален данок на доход во износ **од 138.637,00 денари.**

2.4.За даночната 2014 година:

-ја намалила основицата за пресметување на данок на добивка за вкупен износ од **2.247.705,00 денари** со тоа што спротивно на член 9 од Законот за данок на добивка прикажала расходи на кои им дала третман на трошоци за вршење на дејноста на друштвото, иако истите не биле направени за вршењето на дејноста на друштвото бидејќи истото немало вработени лица за користење на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица, и тоа: трошоци во износ од **941.885,00 денари** за набавена опрема за бања, аспиратор, плафоњерки, гориво, технички преглед на возило, авиобилети, набавки без документ; трошоци за отпис на ситен инвентар во износ од **572.079,00 денари** за перници, блекбери мобилен, тапети и набавки без документ; трошоци за годишна амортизација на основни средства во износ од **733.741,00 денари** за претходно набавени средства кои не биле за вршење на дејноста како и нова набавка на мобилни телефони, фотеља, тросед, перница, маса со шест столици, со што обвинетото правно лице одбегнало да плати данок на добивка во износ од **81.038,00 денари**;

-во Даночните пријави за данок на додадена вредност спротивно на член 34 од Законот за данок на додадена вредност, го искористила правото на одбивка на претходниот/влезен данок на набавените добра и

примените услуги во вредност од **1.612.291,00 денари** за набавки на опрема за бања, аспиратор, плафоњерки, набавки без документ, мобилни телефони, фотеља, тросед, перница, маса со шест столици иако истите не се користени за целите на стопанска дејност на друштвото, бидејќи друштвото немало вработени лица за употреба на средствата, опремата и ситниот инвентар и не наплатувало наем за нивно користење од страна на надворешни лица, а се користени за лични потреби на обвинетата како овластен потписник, со што обвинетото правно лице одбегнало да плати данок на додадена вредност во износ од **115.417,00 денари**

и за даночната 2014 година обвинетото правно лице С.Г. ДООЕЛ С. одбегнало да плати даночни обврски во вкупен износ **од 196.455,00 денари**;

- во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход не го пријавила како приход износот од **1.727.708,00 денари**, за кој износ во друштвото биле набавени добра и примени услуги за лични потреби на обвинетата како овластен потписник на друштвото и истите претставуваат приход согласно член 3 од Законот за персонален данок на доход кој задолжително се пријавува со што обвинетата И.Т. одбегнала да плати персонален данок на доход во износ **од 150.408,00 денари.**

Со што обвинетата И.Т. сторила кривично дело Даночно затајување од член 279 став 2 во врска со став 1 во врска со член 45 од КЗ, а преку дејствијата на одговорното лице обвинетото правно лице ДМП С.Г. ДООЕЛ С. сторило кривично дело Даночно затајување од член 279 став 3 во врска со став 1 во врска со член 45 од КЗ.

Поради што

ПРЕДЛАГАМ

Основен суд Скопје 1 Скопје како стварно и месно надлежен, согласно член 25 и член 26 од Законот за кривична постапка и член 30 став 1 од Законот за судовите, да закаже и одржи главна, јавна и усна расправа на која ќе се повикаат:

-Јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите,

-Обвинетата И.Т. од С.Р.М.,

-Претставник на обвинетото правно лице ДМП С.Г. ДООЕЛ С., со седиште на ...

-Сведокот ...

-Претставник на Државно правобранителство на Р.Македонија.

Обвинителниот акт се темели на следните докази:
**(описот на доказите во оригиналното обвинение е содржан од стр.9 до стр.32)**

По одржаната главна, јавна и усна расправа обвинетата да биде огласена за виновна и да се осуди согласно законот, а на обвинетото правно лице да му биде изречена казна согласно законот.

**III.**

Врз основа на член 321 став 3 и член 146 став 1 точка 2 и точка 3 од Законот за кривична постапка, поднесувам

## П Р Е Д Л О Г

## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ

Спрема обвинетата И.Т. да се определат следните мерки на претпазливост:

1.Обврска за обвинетата да се јавува еднаш неделно кај определено службено лице во Основен суд Скопје I Скопје и

2.Привремено на обвинетата да и се одземе патната исправа-пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издадена од МВР.

Определувањето на мерките на претпазливост е потребно од следните причини:

Обвинетата И.Т. има патна исправа – пасош и имајќи го во предвид писмениот допис-одговор на барање од МВР рег.бр... од 28.06.2017 година со листинзите за евидентирани влезови и излези преку државната граница произлегува дека обвинетата често патува во странство и постои опасност да ја напушти државата.

Потребата од определување на мерки на претпазливост-одземање на патна исправа и јавување еднаш неделно кај определено службено лице во Основен суд Скопје I Скопје, произлегува поради постоење опасност од бегство, имајќи ја во предвид висината на казната затвор што е предвидена за кривичното дело за кое се обвинува, начинот на извршување на истото, како и одењето во странство укажува на тоа дека присуството на обвинетата во постапката ќе биде отежнато и самото тоа ќе го попречува водењето на кривичната постапка. Предлагам да се определат заедно мерките на претпазливост од т.1 и т.2 од овој предлог поради тоа што во соседните држави државјаните на Р.Македонија можат да влегуваат и само со идентификација со лична карта, без да покажат пасош.

Мерките да траат до правосилно завршување на кривичната постапка.

**ПРИЛОЗИ за т.III за посебниот предлог ...**

**Јавен обвинител за гонење на кривични дела
поврзани и кои произлегуваат од содржината
на незаконското следење на комуникациите
Катица Јанева**